Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Министерството за животна средина и просторно планирање, на ден 30 Септември 2011 година, донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 08-8655/1
30.09 2011 год.
СКОПЈЕ

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Стратегија за води на Република Македонија кој го донесува Министерството за животна средина и просторно планирање, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Стратегија за води на Република Македонија:
Министерство за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Општините

3. За планскиот документ Стратегија за води на Република Македонија, за чија изработка е одговорен/на Министерството за животна средина и просторно планирање, а го донесува Владата на Република Македонија, донесувањето на планскиот документ Стратегија за води на Република Македонија ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:
Заштита на водите, развој на земјоделство, развој на туризмот, заштита на природата, економски развој.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање на следната веб адреса/и: www.moepp.gov.mk.

6.Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на работните односи во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**МИНИСТЕР**
**Abdilaqim Ademi, с.р**